# И З В Е Ш Т А Ј

**за изборот на најтранспарентно акционерско друштво**
**котирано на Македонска берза АД Скопје во 2011 година**
**добитник на наградата „Кристално ѕвоно”**

## ***<u>МЕТОДОЛОГИЈА</u>***

Во насока на продолжување на воспоставената пракса на Македонската берза АД Скопје за доделување на годишната награда „Кристално ѕвоно” на најтранспарентното котирано акционерско друштво во Република Македонија, а со цел уште поголема објективност и пошироко инволвирање на релевантни преставници во изборот, Берзата направи измена на начинот и постапката за избор на добитникот на оваа награда.

Методологијата за доделување на наградата „Кристално ѕвоно” ја утврди Одборот на директори на Македонската берза АД Скопје.

Изборот на годинешната награда „Кристално ѕвоно” се одвиваше во **две фази: елиминационо ниво и избор**. Во првата фаза, односно во елиминационото ниво, врз основа на критериумите за избор, **Кандидационата комисија**, формира **листа од 10 котирани акционерски друштва – кандидати** за доделување на наградата „Кристално ѕвоно”.

При разгледувањето на транспаретноста и објавувањето на информации на котираните друштва преку СЕИ-Нет, Кандидационата комисија ги имаше предвид следните факти:

- Подсегментот на кој е котирано друштвото (имајќи предвид дека со изборот на друштвото да биде котирано на подсегментот Супер котација истото ги прифаќа повисоките стандарди на објавување, пред се објавувањето на предлог-одлуките за собрание на акционери, како и објавување на сите известувања и финансиски извештаи на македонски и на англиски јазик);
- Бројот на објави преку СЕИ-Нет, особено бројот на објавени други ценовно чувствителни информации и нивниот квалитет;
- Структурата, квалитетот и навременоста на објавените известувања;
- Квалитетот на континуираната комуникација со берзата во врска со објавувањето на известувања (особено за други ценовно чувствителни информации).

Кандидационата комисија одлучи на Изборната комисија за доделување на наградата „Кристално ѕвоно” да ја предложи **следната листа на котирани друштва за избор на добитник на наградата „Кристално ѕвоно”** за најтранспарентно котирано друштво на Македонската берза за 2011 година, дадени **по азбучен ред**:

- Алкалоид АД Скопје,
- Гранит АД Скопје,
- ЗК Пелагонија АД Битола,
- Комерцијална банка АД Скопје,
- Македонијатурист АД Скопје,
- Макпетрол АД Скопје,
- Стопанска банка АД Битола,
- Топлификација АД Скопје,
- ТТК банка АД Скопје и
- Фершпед АД Скопје.

Со цел пошироко инволвирање на релевантви преставници во конечниот избор на добитникот на наградата, почнувајќи од оваа година, втората фаза - **избор на добитникот на наградата „Кристално ѕвоно”** се изврши од согласно добиените мислење врз основа на оценување според разработена методологија од страна на преставници на следниве **целни групи**:

- членки на Берзата,
- институционални инвеститори,
- стручна јавност,
- медиуми,
- регулаторни тела и саморегулирачки организации.

Секоја целна група броеше по 5 претставници.

Категории за оценување на најтрансапрентното котирано акционерско друштво во Република Македонија по кои гласаа претставниците на целните групи беа следниве:

- Квалитет на комуникација со регулаторните тела и саморегулирачките организации и квалитет и квантитет на објавените известувања
- Годишен извештај, квалитет на објавени финансиски и нефинансиски известувања на друштвото
- Квалитет на интернет страницата на друштвото;
- Односи со финансиските посредници, институционалните и другите инвеститори
- Односи со медиуми и јавност
- Ниво и квалитет на корпоративното управување, како и ниво на корпоративна општествена одговорност на друштвото

Секоја целна група одговараше и оценуваше за 3 категории од вкупно 6 категории за оценка. Секоја категорија носеше поединечно 10 поени за секое друштво, а целните групи оценуваа со оценки од 1 до 10, за секое друштво.

До Берзата во предвидениот рок од вкупно 25 институции кои учествуваа во изборот пристигнаа целосно пополнети 22 одговори и оценки.

Оценките од секој поединечен претставник од целната група се прибираа по категории и компании и се упросечуваа за да се добие просечна оценка по категорија за целната група. Упросечените вредности по категории се собираа по компании, при што една компанија за една категорија не можеше да добие повеќе од 10 поени, а вкупниот број на поени која една компанија може да добие е 60. Во прилог се дадени оценките на целните групи и вкупниот број на освонеи поени.

Согласно бодирањето на секој член на Целните групи **ЗА НАЈТРАНСПАРЕНТНО КОТИРАНО ДРУШТВО НА МАКЕДОНСКАТА БЕРЗА ЗА 2011 ГОДИНА СЕ ИЗБРА:**

**АЛКАЛОИД АД СКОПЈЕ**

Во продолжение на овој Извештај ја презентираме табелата за добиените оценки од сите целни групи по категории (Прилог 1), како и просечните оценки на секоја целна група поодделно (Прилог2).

## ПРИЛОГ 1. ОЦЕНКИ НА ЦЕЛНИТЕ ГРУПИ ПО КРИТЕРУМИ

| ДРУШТВО / КРИТЕРИУМИ | Изработка на Годишен извештај на друштвото и негов квалитет | Квалитет на интернет страницата на друштвото | Квалитет на комуникација со регулаторните тела и саморегулирачките организации и квалитет и квантитет на објавените известувања | Односи со финансиските посредници, институционалните и другите инвеститори; | Ниво и квалитет на корпоративното управување, како и ниво на корпоративна општествена одговорност на друштвото | Односи со медиуми и јавност | ВКУПНО ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Алкалоид АД Скопје** | 9,36 | 9,47 | 9,00 | 9,50 | 9,00 | 9,80 | **56,13** |
| **Комерцијална банка АД Скопје** | 9,50 | 9,47 | 9,00 | 9,50 | 9,00 | 9,20 | **55,66** |
| **ТТК банка АД Скопје** | 8,04 | 7,58 | 7,50 | 6,10 | 7,67 | 7,00 | **43,89** |
| **Фершпед АД Скопје** | 7,17 | 6,89 | 7,50 | 7,00 | 7,67 | 5,80 | **42,02** |
| **Стопанска банка АД Битола** | 6,56 | 6,71 | 7,75 | 5,90 | 7,33 | 5,60 | **39,85** |
| **Македонијатурист АД Скопје** | 7,13 | 7,26 | 7,50 | 6,20 | 6,00 | 5,60 | **39,69** |
| **Топлификација АД Скопје** | 6,92 | 6,15 | 7,25 | 6,10 | 7,67 | 4,20 | **38,29** |
| **Гранит АД Скопје** | 6,85 | 6,12 | 7,75 | 7,00 | 5,00 | 4,80 | **37,52** |
| **ЗК Пелагонија АД Битола** | 6,59 | 5,63 | 7,50 | 6,10 | 5,67 | 5,20 | **36,68** |
| **Макпетрол АД Скопје** | 6,51 | 5,86 | 6,75 | 3,20 | 6,33 | 2,80 | **31,46** |

## ПРИЛОГ 2. ПРОСЕЧНИ ОЦЕНКИ ПО ЦЕЛНИ ГРУПИ

### 1. ПРОСЕЧНИ ОЦЕНКИ ДАДЕНИ ОД МЕДИУМИ

| МЕДИУМИ | |
|---|---|
| Алкалоид АД Скопје | 9,73 |
| Комерцијална банка АД Скопје | 9,40 |
| ТТК банка АД Скопје | 7,60 |
| Фершпед АД Скопје | 7,08 |
| Македонијатурист АД Скопје | 6,80 |
| Гранит АД Скопје | 6,47 |
| Стопанска банка АД Битола | 6,33 |
| Макпетрол АД Скопје | 5,90 |
| ЗК Пелагонија АД Битола | 5,73 |
| Топлификација АД Скопје | 4,80 |

### 2. ПРОСЕЧНИ ОЦЕНКИ ДАДЕНИ ОД ЧЛЕНКИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА

| ЧЛЕНКИ НА МАКЕДОНСКА БЕРЗА | |
|---|---|
| Алкалоид АД Скопје | 9,20 |
| Комерцијална банка АД Скопје | 9,00 |
| Фершпед АД Скопје | 7,08 |
| Топлификација АД Скопје | 7,00 |
| ТТК банка АД Скопје | 6,93 |
| Македонијатурист АД Скопје | 6,73 |
| Гранит АД Скопје | 6,73 |
| ЗК Пелагонија АД Битола | 6,40 |
| Стопанска банка АД Битола | 5,80 |
| Макпетрол АД Скопје | 5,47 |

### 3. ПРОСЕЧНИ ОЦЕНКИ ДАДЕНИ ОД ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ИНВЕСТИТОРИ

| ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ИНВЕСТИТОРИ | |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | 9,67 |
| Алкалоид АД Скопје | 9,60 |
| ТТК банка АД Скопје | 7,40 |
| Фершпед АД Скопје | 7,08 |
| Македонијатурист АД Скопје | 7,00 |
| Стопанска банка АД Битола | 6,67 |
| Гранит АД Скопје | 6,60 |
| Топлификација АД Скопје | 6,40 |
| ЗК Пелагонија АД Битола | 5,33 |
| Макпетрол АД Скопје | 4,13 |

## 4. ПРОСЕЧНИ ОЦЕНКИ ДАДЕНИ ОД РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА И САМОРЕГУЛИРАЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ

| РЕГУЛАТОРНИ ТЕЛА И САМОРЕГУЛИРАЧКИ ОРГАНИЗАЦИИ | |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | 9,58 |
| Алкалоид АД Скопје | 9,33 |
| ТТК банка АД Скопје | 7,67 |
| Стопанска банка АД Битола | 7,58 |
| Македонијатурист АД Скопје | 7,50 |
| ЗК Пелагонија АД Битола | 7,42 |
| Фершпед АД Скопје | 7,08 |
| Гранит АД Скопје | 7,00 |
| Макпетрол АД Скопје | 6,92 |
| Топлификација АД Скопје | 6,58 |

## 5. ПРОСЕЧНИ ОЦЕНКИ ДАДЕНИ ОД СТРУЧНА ЈАВНОСТ

| СТРУЧНА ЈАВНОСТ | |
|---|---|
| Комерцијална банка АД Скопје | 9,22 |
| Алкалоид АД Скопје | 9,11 |
| ТТК банка АД Скопје | 7,89 |
| Топлификација АД Скопје | 7,44 |
| Фершпед АД Скопје | 7,08 |
| Макпетрол АД Скопје | 6,67 |
| Стопанска банка АД Битола | 6,56 |
| Македонијатурист АД Скопје | 6,44 |
| ЗК Пелагонија АД Битола | 5,67 |
| Гранит АД Скопје | 5,33 |